www.upoz.org.mk

Синдикален

# Билтен

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 56 (4) ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2009

### ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (16.12.2009 ГОДИНА)

## СИНДИКАТИТЕ ЌЕ ДОКАЖУВААТ РЕПРЕЗЕНТАТИВНОСТ

Законот за работни односи претрпи уште едни измени. Со најновите, усвоени на седницата на Собранието од 27 ноември 2009 година, повторно се задира во работничките права. Но со овие измени Владата како предлагач на законот си дозволи да задре и во синдикалните права и слободи. Во знак на несогласување со овие измени, членовите на органите и телата на ССМ на 15 октомври 2009 година организираа протест пред Собранието на Република Македонија.

Со оглед што измените стапија во сила, пред синдикатите стои обврската за докажување репрезентативност пред надлежен орган – Комисија. На седницата беше заклучено за ова да бидат известени сите синдикални организации кои најдоцна до 10 јануари 2010 година треба да достават списоци со членови како и пристапници само на новопримените членови кои останале во архивите на синдикалните организации и не се доставени во Синдикатот на УПОЗ.



**На Дваесет и четвртата седница на Претседателството се расправаше за активностите на Синдикатот на УПОЗ во наредниот период – евиденција на членството и докажување на репрезентативноста по најновите измени на Законот за работни односи.**

### Како ќе се утврдува репрезентативноста?

Според законот, **репрезентативноста се определува заради учество во трипартитни тела за социјално партнерство и трипартитни делегации на социјалните партнери.**

Репрезентативен синдикат на територија на РМ (сојузи, унии, конфедерации) ќе биде синдикатот кој покрај другите утврдени услови во него треба да членуваат најмалку 10 % од вкупниот број вработени кои плаќаат членарина, да здружува најмалку три синдикати на национално ниво од различни гранки и да има регистрирано членки во најмалку 1/5 од општините во РМ.

На седницата особено внимание беше посветено околу утврдувањето на ***репрезентативноста на ниво на гранка.*** Според законот, **репрезентативен синдикат на ниво на гранка и на ниво на работодавач ќе биде синдикат во кој се зачленети најмалку 20 % од бројот на вработени во гранката.**

Репрезентативноста ќе ја утврдува министерот надлежен за работите од областа на трудот, на предлог на Комисија за утврдување на репрезентативноста која е составена од девет члена од кои по три претставници има од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда и Министерството за економија.




►►►

◄◄◄

**Дали работодавачот смее да не издаде список со членови на синдикатот?**
Не смее. Законот предвидува дека: *„Работодавачот е должен на барање на синдикатот да издаде потврда со список на членовите на синдикатот кои се вработени кај него и плаќаат членарина.“*

## Кои активности ни претстојат?

Согласно заклучокот од седницата, сите синдикални организации треба писмено да се известа за ова. Тие треба да достават комплетен список на членови кои редовно плаќаат членарина, заверен од работодавачот и од претседателот на синдикалната организација. По доставувањето на списоците од синдикалните организации, Синдикатот на УПОЗ ќе ја достави комплетната документација во Министерството за труд и социјална политика а министерот по предлог на Комисијата ќе донесе решение за репрезентативност што се објавува во Службен весник. Репрезентативноста се утврдува за временски период од три години.

Меѓутоа, активностите не завршуваат тука. **Општите колективни договори** ќе треба да се усогласат со одредбите од законот во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на измените на законот. **Колективните договори пак на ниво на гранка и на работодавач** ќе треба да се усогласат во рок од шест месеци од потпишувањето на општиот колективен договор.

## Зошто синдикатот не се согласуваше со измените?

Сојузот на синдикатите на Македонија и Синдикатот на УПОЗ како негова рамноправна членка и овојпат се спротиставија на измените од причини што повторно се кратат правата на работниците и се посегнува во синдикалните права и слободи. Имено, со измените дополнително се оптоваруваат на прекувремена работа вработените во здравството, полицијата како и другите сектори а тоа и досега не им се исплаќаше.

Дефинирањето на поимот работно време е навредливо за работниците од причини што тој ќе биде „на располагање на работодавачот“. Се менуваат и дефинициите на поимите пауза и ноќна работа со изговор дека тие се усогласуваат со директивите на ЕУ а всушност главната цел е да се подобри бизнис климата, се разбира на штета на работниците.

Со измените се кршат конвенциите (бр. 87, 98 и 144) на Меѓународната организација на трудот.

**Конвенција бр. 87 која се однесува на слободата на здружување:**

„Организациите на работниците имаат право да прават сопствени услови и правила во внатрешното уредување а државните органи треба да се воздржат од било какво влијание што ќе го ограничи ова право.“ (Утврдено со чл. 23 од измените на законот)

**Конвенција бр. 98 која се однесува на правото на организирање и колективно договарање:**

„Владата не смее да влијае на консултацијата на социјалните партнери“ (Во измените на законот членовите 33, 34 и 36 предвидуваат формирање на комисија со членови само со претставници од Владата а не и од синдикатите.

**Конвенцијата 144 која се однесува на трипартитните консултации:**

„Трипартитна консултација е консултирање и социјален дијалог“ а не само седнување на партнерите на иста маса без притоа да се прифатат барем дел од барањата на другите партнери.



## Втор собир на синдикалните организации

Втора точка по која се расправаше на седницата беше одржаната Втора средба на синдикалните организации на Синдикатот на УПОЗ. Почнувајќи од минатата година, како замена или алтернатива на синдикалната школа на полето на синдикалната едукација, се востанови – Средба на синдикалните организации. Годинава таа беше одржана на 14 и 15 ноември во Струмица во хотелот „Цар Самуил“.

На средбата беа застапени три теми, актуелни за синдикалните претставници: „Предизвиците на синдикатот и синдикалното движење ►►►

◄◄◄

во Македонија и светот“, „Измените во Статутот и правилникот за Солидарен фонд на Синдикатот на УПОЗ“ и „Улогата на синдикалната организација во градењето на единствен и моќен синдикат“. По првите две теми воведен излагач беше генералниот секретар на Синдикатот на УПОЗ Пецо Грујовски а за третата тема воведничари беа дел од учесниците кои сами се пријавија. Собирот беше искористен присутните да бидат информирани и со најновите измени во Законот за работни односи и потребата од ажурирање на евиденцијата на членството.

Најкарактеристично е да се одбележи дека денес синдикатот во Македонија е пред огромен, пред се политички притисок и притисок од страна на работодавачите. Целта е да се заплашат членовите, да се намали довербата во синдикатот и да ослабе неговото влијание во државата како социјален партнер.

Во поглед на измените на Статутот беше истакнато дека тие се направени со цел да се пресретнат негативните тенденции и влијанија врз синдикатот а неговото влијание да биде зајакнато а измените во Правилникот за Солидарен фонд се со намера да се создат уште поповолни услови за добивање на парична помош на членовите.

Успешно организираниот собир не даде одговор на прашањето зошто беа отсустни огромниот број на синдикалните организации – дали се работи за недостиг на финансиски средства или за рамнодушност и незаинтересираност на дел од претседателите на синдикалните организации. ◆



**СО ОДЛУКА НА УСТАВНИОТ СУД ИСПРАВЕНА НЕПРАВДАТА СПРЕМА ДРЖАВНИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

# МИНАТИОТ ТРУД ЌЕ СЕ ИСПЛАЌА ЕДНАКВО ЗА СИТЕ ВРАБОТЕНИ

Уставниот суд на Република Македонија на седницата од 23 декември 2009 година се произнесе по иницијативата за преоценување на уставноста на член 41 став 3 од Законот за судска служба со кој се определува дека основната плата на судскиот службеник опфаќа степен на образование и работно искуство. Притоа, работното искуство на судскиот службеник се вреднува во износ од 0,5 % од делот на основната плата односно само во делот на образованието (100 до 200 бодови зависно од степенот на образованието).

Меѓутоа, со оглед на тоа што истата одредба ја има и во Законот за државните службеници (член 35, став 3), Уставниот суд се произнесе и по тоа односно ги укина овие членови од двата закони.
Со тоа е исправена една долгогодишна неправда направена кон државните и судските службеници. Иако при донесување и на едниот и на другиот закон Синдикатот на УПОЗ укажуваше дека таква одредба во законот ги прави нерамноправни државните и судските службеници со другите вработени и ги доведува во нееднаква положба, пред Уставот, ставот на Владата беше цврст и непоколеблив.
За Синдикатот ова е уште една сатисфаксија, прво дека апсолутно биле издржани неговите предлози и аргументи, второ, дека иако синдикалната борба е долготрајна сепак на крајот правдата победува и треба да се истрае во настојувањата.

Еве некои позначајни детали од Одлуката на Уставниот суд објавена во Службен весник бр. 1 од 4 јануари 2010 година која произведува правно дејство од денот на објавувањето.

Имено, Судот утврдил дека во Законот за работни односи (член 105,став 3) се определува дека платата на работникот се состои од основна плата, успешност во работата и додатоци на плата и дека покрај другото, на основната плата се додава и додаток за работен стаж.

Во врска со платите и основицата за пресметување на работното искуство на државните службеници Судот утврдил дека основицата за пресметување на работното искуство на носителите на јавни функции, на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Република Македонија се определува дека: „работното искуство се вреднува така што платата во месечен износ се зголемува со процентот утврден за работното искуство од 0,5 % за секоја започната година работен стаж,а најмногу до 20 %“. Исто така, во Законот за платите на судиите се определува дека „работното искуство се вреднува со додаток на плата од 0,5 % за секоја започната година на работен стаж, а најмногу до 20%“

►►►

◄◄◄

Од погоре утврденото произлегува дека работното искуство (со тоа и платата) на судските, како и на државните службеници се определува врз основа на дел од основната плата – степенот на образование, додека на другите вработени во јавниот сектор (па и на лицата вработени на технички и помошни работи во судовите, судската полиција) работното искуство се заснова на основната плата (составена од образование и искуство), а пак кај носителите на јавните функции и судиите врз основа на целата плата.

Со оглед на тоа што судските службеници, од една страна, и другите вработени во јавниот сектор, меѓу кои и вработените во судовите кои вршат технички и помошни работи и судската полиција, од друга страна, се вработени кај ист работодавач и остваруваат средства од ист извор – Буџетот на Република Македонија, Судот оценил дека тие мора да имаат еднаков правен термин.

Имајќи во предвид дека членот 41 став 3 од Законот за судска служба определува основицата за пресметување на работното искуство на судските службеници да биде дел од основната плата – степенот на образование, во ситуација кога на другите вработени во јавниот сектор основицата за пресметување на работното искуство е основната плата составена од образованието и искуството заедно, Судот утврдил дека таквата законска одредба создава нееднаквост и не го обезбедува принципот на владеење на правото. Покрај тоа Судот оцени дека различната должина на работното искуство различно се одразува на образованието, обезбедува различно знаење и резултати во работата, поради што работното искуство треба и различно да се вреднува.

По сопствена иницијатива судот оценил дека и членот 35 став 3 од Законот за државни службеници определува основицата за пресметување на работното искуство на државните службеници да биде дел од основната плата – степенот на образованието, со што и тие вработени се ставени во нееднаква, понеповолна положба во однос на другите вработени во јавниот сектор на кои основицата за пресметување на работното искуство им е основната плата составена од образованието и искуството заедно.

Раководејќи се од овие сознанија Уставниот суд на Република Македонија донесе Одлука со која ги укина членот 41 став 3 од Законот за судска служба и член 35 став 3 од Законот за Државните службеници. ◆

# ПРОТЕСТ ПРОТИВ ИЗМЕНИТЕ ВО ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

**На 15 октомври 2009 година органите и телата на ССМ и на гранските синдикати (Претседателства, надзорни и извршни одбори, комисии и др.) во знак на протест заради најновите измени на Законот за работни односи организираа протест како израз на незадоволство што не беше прифатен ниту еден наш предлог.**

***ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ Е УСТАВ ЗА РАБОТНИЦИТЕ***

## Б А Р А М Е

- **ПОЧИТУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА РМ;**
- **ЕВРОПСКИ ЗАКОНИ;**
- **ЕВРОПСКИ ПРАВА;**
- **ПОЧИТУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНВЕНЦИИ**
- **БЕЗ СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ НЕМА СОВРЕМЕНА СОЦИЈАЛНА ДРЖАВА И ЗАТОА ВЛАДАТА НЕ МОЖЕ САМА ДА ГИ ПРЕДЛАГА ЗАКОНИТЕ БЕЗ УЧЕСТВО НА ССМ**

***ВЛАДАТА СО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ИЗМЕНИ ГРУБО ГИ ПРЕКРШИ:***

- ***СИНДИКАЛНИТЕ И РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ***
- ***СЛОБОДАТА НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ И СИНДИКАЛНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ***

## З А Т О А

- **НЕ ДОЗВОЛУВАМЕ РАБОТНИКОТ ДА БИДЕ „НА РАСПОЛАГАЊЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ“**
- **БАРАМЕ УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО ДРЖАВАТА**
- **СТОП ЗА ПРЕКУВРЕМЕНАТА РАБОТА**
- **СЕ ЗАЛАГАМЕ ЗА СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ И НОВИ ВРАБОТУВАЊА**
- **ОГРАНИЧУВАЊЕ НА НОЌНАТА РАБОТА**
- **ПРАВО НА ПЛАТЕН ДНЕВЕН И НЕДЕЛЕН ОДМОР ЗА СИТЕ**
- **ГОДИШЕН ОДМОР ОД НАЈМАЛКУ 26 РАБОТНИ ДЕНА**
- **СЛОБОДА НА СИНДИКАЛНО ОРГАНИЗИРАЊЕ**
- **ПРАВО НА КОЛЕКТИВНО ДОГОВАРАЊЕ**

## КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ СИНДИКАТИ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР (ЕПСУ)

# КОЛЕКТИВНОТО ПРЕГОВАРАЊЕ ВО ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ ВО КРИЗА

**Преку 150 учесници од повеќе од 30 земји учествуваа на Конференцијата на ЕПСУ за Колективно преговарање и социјален дијалог 2009, која што се одржи во Брисел на 3ти и 4ти декември 2009 година. Нивната загриженост за економската криза и колективното преговарање е прикажана во следнава изјава.**

Како одговор на предвидувањата на Европската Комисија, Европската конфедерација на синдикати (ЕТУЦ) ја потенцира силата на моменталното намалување во растот на европската економија (7%). Првите индикатори за раст на економијата треба да бидат внимателно третирани. Постојат сериозни ризици дека одредени Влади веќе планираат да ги редуцираат програмите за опоравување пред да се обезбеди комплетно враќање на еконмскиот раст. Како одговор на финансиската криза, приватниот сектор се реструктуираше, додека јавниот, не само што дава значајна поддршка на економските активности туку овозможува и широк спектар на услуги и помош за милиони лица кои се погодени од рецесијата.

За жал, оваа порака доцна е пренесена во одреди земји каде што Владите, како одговор на условите и пакетот мерки за кредити од ММФ и Европската Комисија, усвоија стратегии наменети за јавно трошење, плаќање и услови за работниците од јавниот сектор. Во последните години работниците од јавниот сектор во мал дел од земјите, не само што се соочија со замрзнување на платите, туку тие се соочија и со значајни скратувања на платите како и забрана за нови вработувања.

Учесниците на конференцијата ја потврдија нивната поддршка за резолуциите на Конгресот на ЕПСУ, изјавата на ЕПСУ Извршниот Комитет (11 ноември 2009) и иницијативите предложени од Европската конфедерација на синдикати (ЕТУЦ):

- потреба за одржување и ширење на покриеноста со Колективни договори;

- важноста на преговорите за зголемување на номиналните плати како значаен елемент во одржувањето и зголемувањето на економијата и отфрлање на повикот на Европската централна банка, јавниот сектор да изготви пример за приватниот сектор преку усогласување на барања за плати;

- подобрување на координацијата на политиката за колективно преговарање и размена на информации, како и испраќање на јасни пораки до Владите и работодавачите од јавниот сектор;

- поддршка на ниско платените работници (повеќето од нив жени), за зголемување на минималните плати онаму каде постојат, и минимални стапки на плаќања во КД;

- потреба, во согласност со Лисабонската спогодба, да се промовира целосна консултација со Владите, Европската Комисија и Синдикатите за да се обезбеди земјите кандидати да бидат целосно вклучени и истите да основаат формален Комитет за секторски социјален дијалог во државниот сектор.◆



# НАДОМЕСТ ЗА ПРЕВОЗ ЗА СИТЕ ВРАБОТЕНИ

Минатата година со воведувањето на концептот на бруто плата, еден акт на Владата насловен како „Информација за начинот на одбивање на надоместокот за превоз од бруто платата на вработени кои и досега не го примале истиот, предизвика реакции меѓу дел од вработените. Имено, за вработени на кои не им следуваше надомест за превоз до и од работа, Владата најде соломонско решение – износот од 825,00 денари да се прикаже во бруто платата (заради еднаквост при уплатата на придонесите) а потоа да им се одбива од нето платата.

На поднесената иницијатива до Уставниот суд тој се произнесе на седницата од 25 ноември 2009 година и го укина актот на Владата со кој се задолжуваа буџетските корисници да одбиваат износ од 825,00 денари од нето платата на вработените кои заклучно со 31 декември 2008 година не примале надоместок за превоз.

Судот оценил дека оспорениот акт не е во согласност со законските одредби и е акт кој по својата содржина е акт што не може да го донесе Владата и со тоа се навлегува во уредувањето на пресметувањето и исплатата на нето платата на буџетските корисници.

Со укинувањето на тој акт, истиот станува беспредметен.◆

НА 5 И 6 ОКТОМВРИ 2009 ГОДИНА СЕ ОДРЖА СОВЕТУВАЊЕ

# СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПРАВАТА НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Светската синдикална организација на вработените во јавниот сектор (ПСИ) во соработка со СТ Синдикатот од Шведска и ПЦС Синдикатот од Велика Британија и Синдикатот на УПОЗ како домаќин, беа организатори на советувањето „Социјалниот дијалог во јавната администрација и правата на државните службеници“.
На него учествуваа синдикатите од јавниот сектор на Босна и Херцеговина, Хрватска, Република Српска, Црна Гора и Македонија.

Повод за организирање на советувањето беше фактот дека постојат сериозни проблеми во социјалниот дијалог и правата на работниците во јавната администрација во регионот на учесниците. Инаку главната цел на советувањето беше да се разменат искуствата за проширување и критериумите на ЕУ за вработување и социјалната политика во јавните служби, за социјален дијалог во јавната администрација и правата на работниците во јавните служби како и натамошните стратегии на синдикатите и натамошната соработка.

Предавачи беа претставниците на синдикатите – организатори, беа поднесени и извештаи од земјите учеснички а на вториот ден од советувањето за Вработувањето во државната служба во Македонија“ зборуваше Горан Цветковски, раководител на Секторот за правни работи во Агенцијата за државни службеници.

Собирот заврши со усвојување на заклучоци за натамошната синдикална стратегија и натамошната соработка меѓу синдикатите. ◆




# XXI - ТА СИНДИКАЛНА ШКОЛА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ОД 26 ДО 28 ФЕВРУАРИ 2010 ГОДИНА

На седницата на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беше донесе одлука XXI – та Синдикална школа да се одржи од 26 до 28 февруари 2010 година. Местото на одржување ќе биде дополнително одредено зависно од понудата на хотелите. За можни локации беа одредени Охрид или Струга, Хотел „Истатов“ во Нов Дојран и хотел „Цар Самуил“ во Банско кај Струмуца.

Исто така беа посочени и неколку теми кои би биле презентирани пред слушателите:

Отказот како правен инструмент за престанок на работниот однос;

Статусот на државните службеници согласно измените и дополнувањата на Законот;

Колективните договори и потребата од нивно усогласување со измените на Законот за работните односи; и

Корупцијата и борба против нејзиното искоренување.

Исто како и местото на одржување, така и темите и предавачите дополнително ќе бидат одредени за што синдикалните организации навреме ќе бидат известени. ◆

IMPRESSUM

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел: 02/31–26–351;
тел./факс: 02/32–30–829;
www.upoz.org.mk

• Билтенот го подготвува и уредува: **Пецо Груевски**

• Подготовка за печат: “Макформ”– Скопје

• Печат: “Макстен–графика”– Скопје

• Тираж 600 примероци